Врз основа на член 5, 18 и 20 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (Службен весник на РМ, бр. 31 од 02. 07. 1998 година), основачкото Собрание на Здружението на граѓани за борба против рак Борка Скопје, на ден 17.07.2007 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на
## Здружение на граѓани за борба против рак
## "Борка"
## Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението на граѓани за борба против рак "Борка" Скопје е невладина, непартиска и непрофитна организација формирана со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел подигање на свеста кај јавноста дека сите видови на рак се потенцијално излечиви болести.

**Член 2**

Името на здружението на граѓани е: Здружение на граѓани за борба против рак Борка Скопје (во натамошниот текст само Борка или Здружение).

Скратеното име на Здружението е: Борка

Седиштето на Здружението е на ул."Караорман" бр.26, 1000 Скопје.

Здружението се организира и делува на целата територија на Македонија.

**Член 3**

Здружението е правно лице.

Здружението има амблем, кој го содржи скратеното име на здружението напишано со кирилични букви.

Амблемот ќе биде резервиран за употреба од и во корист на членовите на здружението.

Секој од членовите има право да го носи и прикажува амблемот за време на своето членство, а тоа право се губи со престанокот на членството.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението и неговиот амблем.

Штембилот на Здружението е правоаголен и на него е испишан следниов текст:

Здружение на граѓани за борба против рак
Борка
Број ------------
-------/-------година
Скопје.

**Член 4**

Борка како здружение на граѓани своите цели, дејности и активности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, законите кои ја регулираат материјата од оваа област и овој Статут.

Во рамките на Здружението се забранува политичко и верско организирање.

**Член 5**

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските активности, со поднесување на извештај за работата и за материјално-финансиското работење на органите и телата на Здружението и други начини.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатот, радиото, телевизијата и интернетот и други средства за комуникација.

За информирање на членовите и пошироката јавност Здружението може да издава списанија и други печатени материјали, да организира конференции за средствата за информирање и да издава соопштенија за јавноста.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 6**

Здружението ќе се стреми кон остварување на следните цели и задачи:

- промоција на јавно здравство
- подигање на свеста кај јавноста дека ракот е потенцијално излечива болест
- следење на европските и меѓународните стандарди во обласна на здравството
- информирање на целните групи со законодавството и начинот на функционирање на здравствените институциите во Република Македонија и ЕУ;
- едукација на јавноста за превенција од заболување од рак
- едукација на заболени лица од рак за потребите и начините од терапија и лекување
- воспоставување редовна комуникација меѓу пациентите, лекарите, здравствените институции и фармацевстките компании

- грижа и емоционална поддршка на заоблените од рак, нивните роднини и пријатели
- постојано следење и учество во процесот на приближување и хармонизација со европското законодавство и оценка на неговото влијание врз општествено-економскиот систем;
- промовирање, учество и придонес во реформите во сите сфери на општествениот и здравствениот систем на Република Македонија;
- давање на стручна помош во полето на дејствување;
- поттикнување и зајакнување на соработка со домашни и странски организации и институции кои имаат исти или слични цели и задачи.

Здружението своите цели и задачи ќе ги остварува преку:

- континуирано следење, анализа и коментари на националното здравство, здравството на ЕУ и активностите на другите меѓународни организации и современи здравствени системи;
- организирање и учество на настани, презентации, семинари, обуки, дебати и трибини;
- советувања и консултации на пациенти и други заинтересирани;
- имплементација на проекти во областа на промоција на методите за лечење на рак;
- издавање на печатени и електронски публикации;
- реализација на видео проекции;
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институциии и организации кои имаат исти или слични цели и задачи; и
- други слични форми и начини на дејствување.

**ЧЛЕНСТВО ВО Борка**

**Член 7**

Член на Борка може да биде секој државјанин на Република Македонија, кој се докажал во средината во која работи, ги прифаќа Статутот и Програмата на Здружението и доброволно пристапува кон Здружението.

Предлог за прием на нов член во Борка дава член на Извршен одбор или друг член на Борка, а одлуката за прием ја носи Собранието на Борка со мнозинство гласови.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението задолжително се враќа.

Здружението за своите членови води регистар на членството, кој постојано се ажурира.

**Член 8**

Секој член на Борка ги има следните права, должности и одговорности:

- активно да учествува во работата на Здружението, односно во креирањето и остварувањето на целите, задачите и програмата на Борка, како и активностите кои произлегуваат од нив;
- да бира и да биде биран во органите на Борка;
- редовно да биде информиран за преземените и планирани активности на Борка од страна на неговите органи;
- да присуствува на состаноците;
- редовно да плаќа членарина;
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од овој Статут.

Ниту еден член на организацијата не смее да го користи своето членство како начин за реализација на политички интереси.

Секој член за својата работа одговара пред соодветните органи и тела на Борка.

**Член 9**

Членството во Борка престанува по следните основи:

- ако членот достави писмена изјава за истапување од Борка до органите на Здружението најмалку 15 дена пред денот на формалниот престанок на членството;
- ако членот не ја плати годишната членарина во определениот рок;
- ако членот неоправдано изостане од сите редовни и вонредни состаноци на Собранието на Борка во текот на календарската година;
- ако членот потешко ги прекрши одредбите на Статутот на Борка.

За настапувањето на основите за престанок на членство од точките 1, 2 и 3 од став 1 констатира, а по однос на точка 4 од став 1 одлучува Собранието на Борка на првиот нареден состанок.

## ОРГАНИ ВО Борка

**Член 10**

Органи на здружението се:

1. Собрание;
2. Извршен одбор;
3. Претседател;

### *Собрание на Борка*

**Член 11**

Собранието е највисок орган на Здружението.
Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 12**

Собранието ги има следните овластувања и должности:

- донесува Статут на здружението, програма и други акти и врши измена и дополнување на истите;
- донесува повеќегодишна стратегија за работа и детална годишна програма на активности;
- усвојува годишен извештај;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- донесува правилници, одлуки, заклучоци, препораки и други акти за регулирање и разрешување на прашања од интерес на Здружението;
- избира Претседател, Секретар и членови на Извршен одбор;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението;
- одлучува за здружување и разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува за основање трговски друштва;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**Член 13**

Седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 (една петина) од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието во рок од четиринаесет (14) дена на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 14**

Собранието полноважно работи ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На Собранието по правило се одлучува со јавно гласање, освен ако со мнозинство гласови од присутните членови не се одлучи гласањето да се врши тајно.

Секој член на Собранието има право на еден (1) глас.

***Извршен одбор на Борка***

**Член 15**

Извршниот одбор на Здружението е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

**Член 16**

Извршниот одбор на Здружението брои пет (5) членови, кои ги избира Собранието на здружението.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае две (2) години, со можност за неограничен број мандати.

**Член 17**

Извршниот одбор ги врши следните работи:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- предлага измени и дополнувања на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени тела и ја насочува нивната работа;
- поднесува предлог до Собранието за прием на нови членови;
- организира и активно учествува во спроведувањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- се грижи за наменско користење и располагање со средствата и приходите;
- одговара за управувањето со имотот на здружението;
- назначува потписници на сметката на здружението; и
- врши други работи.

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

**Член 18**

Извршниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седница на Извршен одбор свикува Претседателот на здружението.

Предлог за свикување на седница на Извршниот одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор и една третина од членовите на Собранието на здружението.

Со седниците на Извршниот одбор раководи и претседава Претседателот на здружението, а во негово отсуство друг член кој ќе го избере Извршниот одбор со мнозинство гласови од присутните.

За секоја одржана седница на Извршниот одбор задолжително се води записник, кој се објавува до членовите на Здружението.

**Член 19**

Извршниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови.

Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови на Извршниот одбор.

***Претседател на Борка***

**Член 20**

Претседателот на Собранието е истовремено и Претседател на Здружението.

Претседателот го претставува и застапува Здружението.

Претседателот на Здружението се избира од Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови за мандатен период од две (2) години, со можност за неограничен број мандати.

Претседателот по автоматизам е член и на Извршниот одбор на Борка.

Постапката за избор на Претседател се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 21**

Претседателот ги има следните права, должности и одговорности:

- ја спроведува политиката на Борка;
- ги свикува седниците на Собранието и на Извршниот одбор;
- предлага програма за работа за времето за кое е избран;
- се грижи за одржувањето на изборите на Борка;
- ги потпишува и се грижи за спроведување на актите што ги донесуваат Собранието и Извршниот одбор;
- го претставува и застапува Борка согласно овластувањата утврдени со овој Статут, националните, регионалните и меѓународните организации и други институции чии член е Борка;
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Собранието и Извршен одбор, или произлегуваат од овој Статут или се утврдени со Закон;

Претседателот за извршување на својата работа одговорен е пред Собранието.

**Член 22**

Функцијата на Претседателот може да му престане:

- по негово барање;
- со истекот на мандатот за кој е избран;
- доколку поради неактивност, несовесно вршење на доверените права, должности и одговорности или активност насочена против целите и задачите на Борка биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот, ако за тоа се изјаснат мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 23**

Здружението остварува средства од:

- членарина;
- донации и грантови;
- средства од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје;
- надоместоци од извршени услуги за други институции и организации;
- спонзорства од трговски друштва;
- други форми и извори на финансирање.

**Член 24**

Секој член е должен да плаќа годишна членарина, чиј износ го утврдува Извршниот одбор на здружението.

Во случај член на здружението да не ја плати членарина за тековната календарска година му престанува членството во Борка.

**Член 25**

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од член 23 се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 29**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Секој член има право да бара да изврши увид во користењето на средствата и приходите на здружението по претходно доставено писмено барање до Извршниот одбор.

**Член 30**

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 23 од Статутот, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка на вработените, материјалните трошоци за работата на Здружението и други расходи сврзани со работата.

## ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ

**Член 31**

Доколку се појави иницијатива и потреба за отварање на ограноци на Борка тоа ќе може да се направи со одлука на Собранието која треба да е донесена со мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 32**

Здружението ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Здружението на граѓани, ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање и ако настапат причини утврдени во член 52 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 33**

По престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на друго здружение со иста или слична активност.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Права на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 35**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 36**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

*Скопје, 17.07.2007*

Билјана Додева
Претседател на Борка